ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-444
03 03 2021 год.
СКОПЈЕ


***"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" АД СКОПЈЕ***

*Хотелско Угостителско Акционерско Друштво*

*ул. Филип Втори Македонски бр.5, 1000 Скопје, Република Македонија*


# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО*

# *ЗА 2020 ГОДИНА*

СКОПЈЕ, Февруари 2021 ГОДИНА

# С О Д Р Ж И Н А

1. Општи податоци за акционерското Друштво;

2. Правен статус на Друштвото;

3. Органи на управување;

4. Цели на Друштвото;

5. Политика на финансиски ризици;

6. Учество на Друштвото на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност;

7. Податоци за капиталот и промени во капиталот на Друштвото;

8. Дивиденди;

9. Политика на развој на Друштвото;

10. Човечки ресурси;

11. Дејност на Друштвото;

12. Општествено-економскиот амбиент во кој работи Друштвото;

13. Финансиски резултати на "Македонијатурист" АД Скопје;

14. Економски финансиски показатели;

15. Работење на заедничките служби на Друштвото во 2020 година;

16. Работењето на Службата за внатрешна ревизија во 2020 година;

17. Инвестициони вложувања и тековно одржување во 2020 година;

18. Предвидени активности за 2021 година;

Годишниот извештај од работењето на Друштвото за 2020 година е изготвен во согласност со член 384 точка 7 од Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ бр. 08/04, 84/05, 87/08, 42/10, 48/10,24/11,24/15,88/15 и 61/16) и член 154 од Законот за хартии од вредност (Сл. Весник на РМ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008) и согласно член 3 од Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи на друштвата со посебни обврски за известување.

**1.) Општи податоци за Друштвото**

''Македонијатурист'' АД Скопје е акционерско друштво основано со Решение Т.Рег. 1624/98 од 28.10.1998 година, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.5 во Скопје, Република Македонија.

Податоци за контакт со правното лице:
Телефон и факс: (02)3292-731 и (02) 3292-768,
Адреса на електронска пошта: maktur@makedonijaturist.com.mk
Адреса на интернет страницата: www.makedonijaturist.com.mk

**2.) Правен статус на Друштвото**

"Македонијатурист" АД Скопје функционира како акционерско друштво во приватна сопственост, со матичен број 4058836 и работи под шифра на дејност 55.10 - хотели и слични објекти за сместување, кое својата дејност ја обавува преку 5 (пет) хотели регистрирани како подружници.

Основна дејност на Друштвото е хотелско-угостителската дејност чија стратегија се базира на обезбедување и давање на високо квалитетни услуги на гостите, кои се во согласност со европските и светските стандарди за хотелско и ресторанско работење.

Услуги кои ги нуди Друштвото се:

- Ноќевање (со појадок, полу пансион и полн пансион)
- Ресторански услуги
- Кетеринг услуги
- Конференциски услуги
- Други услуги кои се извршуваат во интерес на гостите.

Во организационата структура на Друштвото продолжуваат да работат 5 (пет) подружници, категоризирани како што следи: Хотел "Холидеј Ин" Скопје - 5* (пет ѕвезди), Бест Вестерн Хотел "Турист" Скопје - 4* (четири ѕвезди), Хотел "Карпош" Скопје - 4* (четири ѕвезди), Хотел "Белви" Скопје - 4* (четири ѕвезди) и Хотел "Водно" Скопје - 3* (три ѕвезди).

Во текот на 2020 година не работеа објектите, чиј сопственик е Друштвото, и тоа: Хотел Бристол, Хотел Јадран, Хотел Сарај (поранешен Њу Јорк Универзитет Скопје) Ресторан Пивница е издаден под закуп како и Деловниот објект на ул.11-ти Октомври бр.40 Скопје од кој еден дел е издаден под закуп.

За извршување на заедничките активности како што се: административно-книговодствени работи, перење на постелнина и алишта, превоз, поправки, слаткарски услуги и сл., формирани се **интерни служби**: Дирекција, Перална, Возен Парк, Техничка служба и Слаткара.

Ваквата организациона поставеност на Друштвото има за цел да ги стимулира раководителите, а секако и вработените, за зголемено ангажирање и за остварување на поголем профит, преку намалување на трошоците направени за остварување на истиот.

Според седиштето на Друштвото и останатите подружници, неговата активност се одвива на подрачјето на град Скопје каде се присутни поголем број фирми кои делуваат во истата дејност.

**3.) Органи на управување**

Управувањето со Друштвото се врши преку:

-Собрание на акционери
-Управен одбор
-Надзорен одбор

Собранието на акционери е највисок орган на Друштвото преку кој акционерите ги остваруваат своите права и интереси во акционерското друштво. Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат акционери кои поседуваат најмалку половина од акциите со право на глас. Една акција дава право на еден глас. Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови на сите присутни или претставени акционери. Собранието ја одобрува работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор и го одобрува начинот на кој се остварува управувањето со Друштвото.

Управниот одбор е орган преку кој се остварува управувањето во Друштвото.
Членови на Управниот одбор се:

1. Доне Таневски - претседател на Управен одбор
2. Соња Бибановска - член на Управен одбор
3. Мирјана Таневска Ефремова - член на Управен одбор

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото.
Членови на Надзорниот одбор се:

- М-р Верица Хаџи Василева-Марковска - претседател
- Проф. д-р Тито Беличанец - член
- Проф. д-р Ванчо Узунов - член
- Проф. д-р Васил Поповски - член
- Григор Копров, дипл. економист - член

**4.) Цели на друштвото**

“Македонијатурист“ АД Скопје во изминатиот период го докажа своето успешно работење преку постигнување на значителни позитивни финансиски резултати и постигнување на висок степен на задоволство кај своите клиенти што резултира со нивна лојалност и доверба преку континуирана долгорочна соработка. Сепак Друштвото, земајќи ги во предвид тешките услови за работење посебно изразени изминатата година поради глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 која директно го погоди целиот туристичко – угостителски сектор, за постигнување на што поголеми и континуирани резултати се фокусира на:

- следење на состојбите на пазарот;
- брзо,точно, навремено и професионално одговарање на барањата на клиентите;
- нудење на услугите на начин и по цени кои ќе овозможат издвојување од конкурентските хотели;
- предлагање на нови начини за промоција на одредени услуги, промоции по специјални цени, пакети и сл.;
- зајакнување на позицијата на Друштвото во однос на конкуренцијата;

- зајакнување на бизнис врската со постоечки клиенти на Друштвото, како и стекнување на нови клиенти;
- следење на нови трендови во хотелското и ресторанското работење;
- работење според законските регулативи и прописи за хотелско и ресторанско раборење;
- обезбедување на економично, рентабилно и продуктивно работење на ниво на Друштвото;
- постојана грижа за зголемување и одржување на вредноста на капиталот на Друштвото.
- Развој и унапредување на човечките ресурси.
- Спроведување и почитување на сите протокли од обласа на заштитата на здравјето на гостите и вработените.

## 5.) Политика на управување со финансиски ризици

**Преглед**

Друштвото во своето работење е изложено на ризици од користењето на финансиски инструменти, како што се: пазарниот ризик, ризик од промена на каматните стапки, ризикот на ликвидност и ризик од кредитирање.

Раководството на Друштвото е одговорно за воспоставување и примена на рамката за управување со ризици, за што има имплементирано цели и политики со цел мерење, управување и заштита од изложеноста на Друштвото на секој од погоре споменатите ризици, како и управување со капиталот на Друштвото.

(а) Кредитен ризик

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик произлегува во случај кога купувачите на услугите не можат да ги извршат своите обврски. Ризиците се од индивидуалните карактеристики на секој купувач.

Раководството има воспоставено кредитна политика според која кредитната способност на секој нов купувач се анализира индивидуално и се нудат условите на плаќање. Службата за маркетинг и продажба како и деловните единици рецепција и ресторан ја спроведуваат кредитната политика на комитентите и ја следат изложеноста на кредитен ризик на секој купувач. Друштвото со успешна политика на управување, овој вид на ризик го сведе на минимум поради што истиот нема значајно материјално влијание врз финансиските резултати на Друштвото.

(б) Ризик на ликвидност

За контрола на ризик на ликвидност Друштвото има имплементирано сметководствени и контролни политики и континуирано ги следи своите парични текови и е способно да ги исполни своите финансиски обврски во рамките на нивната доспеаност.

Друштвото секогаш се осигурува дека има доволно готовина на располагање за подмирување на доспеаните обврски. Ова ги исклучува потенцијалните влијанија на непредвидливи ситуации како природни катастрофи или политички турбуленции во регионот.

(в) Пазарен ризик

На пазарниот ризик кој произлегува од промените на пазарните цени, а на кој е изложено Друштвото, е од екстерен карактер и на истиот не може да се влијае, освен со интерна контрола на одразот на истиот на финансиските резултати на Друштвото со цел превземање навремени мерки за заштита од истите движења (промената на пазарните цени).

Промените, пак, во девизните курсеви и каматните стапки (зголемување или намалување) можат да влијаат на приходите на Друштвото или на вредноста на поседуваните

финансиски инструменти, бидејќи не постои можност за контрола од страна на Друштвото над истите.

**Валутен ризик**

Друштвото не се изложува на валутен ризик при набавки и продажби, кои се номинирани во валута различна од МКД. Стабилниот курс на МКД во однос на еврото овозможува девизниот курс да нема значајно влијание на финансиските резултати на Друштвото. Друштвото не поседува девизен хеџинг инструменти.

**Ризик на каматна стапка**

Друштвото поседува значителен износ на финансиски средства (пари и парични еквиваленти и депозити во банки орочени на 12 и 124 месеци) кои се со фиксни каматни стапки. Бидејќи пазарните каматни стапки кои ги носат овие средства се нестабилни и ниски, евентуалните промени во каматните стапки можат да имаат ефект на финансискиот резултат на Друштвото.
Друштвото е изложено на ризик од промена на каматните стапки и за одобрениот долгорочен кредит. Во тековниот период каматните стапки не варираа.

г) Управување со капиталот

Политиката на раководството на Друштвото е да одржи стабилност на капиталот на Друштвото за да ги одржи довербата на добавувачите и пазарот и да го поддржи идниот развој на бизнисот, со крајна цел да обезбеди приход на акционерите и бенефиции за други заинтересирани страни.

Друштвото не е изложено на надворешни влијанија за промени на капиталот.

- Сметки на кои Друштвото има депонирано свои денарски средства се:
    1. Стопанска Банка АД – Скопје на сметка бр. 200000002588534,
    2. Комерцијална Банка АД – Скопје на сметка бр. 300000001274131,
    3. Силк роуд Банка АД –Скопје на сметка бр. 280000000143917,
    4. ТТК Банка АД – Скопје на сметка бр. 290100000085309,
    5. НЛБ Банка АД-Скопје на сметка бр.210040588360168,
    6. Шпаркасе Банка АД Скопје на сметка бр.250101000299996, и
    7. Халкбанк АД Скопје на сметка бр. 270040588360175,
    8. ПроКредит банка АД Скопје на сметка бр.380100432302139,

**6.) Учество на Друштвото на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност**

Македонската берза за долгорочни хартии од вредност преку тргување со акциите на “Македонијатурист“ АД Скопје, во 2020 година оствари промет од 54.306 мил. денари, што е за 29,63% помалку од остварениот промет во 2019 година, кога истргуваниот промет на официјалниот пазар за хартии од вредност изнесуваше 77.172 мил. денари. Во период од 01.01.-31.12.2020 година бројот на истргуваните обични акции изнесува 11.265 акции (2019:14.584 акции) или за 3.319 акции помалку од 2019 година.

Податоците за месечно истргуваните акции на Друштвото на првиот официјален пазар за хартии од вредност на Македонската берза за хартии од вредност во текот на 2020/19 година се искажани во табелата 1 дадена подолу:

Табела 1

| Месец | Истргувана количина на акции во 2019 год. | Истргувана количина на акции во 2020 год. |
|---|---|---|
| јануари | 728 | 1.039 |
| февруари | 1.153 | 2.543 |
| март | 715 | 2.382 |
| април | 951 | 1.767 |
| мај | 2.150 | 935 |
| јуни | 538 | 140 |
| јули | 357 | 45 |
| август | 488 | 315 |
| септември | 712 | 604 |
| октомври | 2.551 | 608 |
| ноември | 2.861 | 255 |
| декември | 1.380 | 632 |
| **Вкупно** | **14.584** | **11.265** |






**7.) Податоци за капиталот и промени во капиталот на Друштвото:**

**7.1) Податоци за акциите на "Македонијатурист" АД Скопје на 31.12.2020 година се :**

- Меѓународниот идентификационен број на акциите (ИСИН број) е : MKMTUR101018,
- Вкупен износ на основната главнина изнесува: 11.561.516,60 EUR,
- Вкупен број на издадени обични акции изнесува: 452.247 акции,
- Номинална вредност на една обична акција изнесува: 25,56 EUR,
- Бројот на иматели акционери на последниот ден од извештајниот период односно на 31.12.2020 година: 519 акционери,
- Бројот на сопственици на акции на последниот ден од извештајниот период односно на 31.12.2020 година: 604 акционери,
- Вкупен број на сопствени обични акции на Друштвото на последниот ден на периодот односно на 31.12.2020 год. изнесува: 45.225 акција или 10,00% од основната главнина,
- Вкупен број на обични акции на Друштвото со право на глас на 31.12.2020 год. изнесува: 407.022 акции или 90,00% од основната главнина,
- Обичните акции кои Македонијатурист АД Скопје ги поседува на 31.12.2020 год., се акции со кои се стекна во изминатите години, со тргување на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност и тоа на Официјалниот прв пазар на долгорочни хартии од вредност,
- Приоритетни акции нема.

**7.2) Финансиски податоци и финансиска состојба на "Македонијатурист" АД Скопје:**

- Цена на обичните акции на "Македонијатурист" АД Скопје е цената со која се тргуваше во текот на годината, односно во период од 01.01.-31.12.2020 година:
  1. Највисока цена на тргување по една обична акција изнесуваше 6.000,00 Денари,
  2. Најниска цена на тргување по една обична акција изнесуваше 3.600,00 Денари.
- Пазарна капитализација на Друштвото во четвртото тромесечие од 2020 година, односно во периодот од 01.10-31.12.2020 година изнесува:
  - Последна цена на тргување со обичните акции за една обична акција на ден 30.12.2020 година изнесуваше 4.200,00 денари,
  - Пазарна капитализација во четвртото тромесечие од 2020 година изнесува 1.899.437.400,00 денари (или 30.788.041 ЕУР).
- Сметководствените политики на евиденција се во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди за финансиско известување важечки во Р.С.Македонија и не е вршена промена на истите.

Од бројот на издадени обични акции на Друштвото со состојба на 31.12.2020 год., што ги поседуваат членовите на органите на управување се:

| - на **Управниот одбор**: | Број на обични акции | Процентуелен износ |
|---|---|---|
| 1.) Доне Таневски............………….. | 88.582 | 19,587 % |
| 2.) Мирјана Таневска Ефремова… | 436 | 0,096 % |
| 3.) Соња Бибановска………………. | 50.953 | 11,267 % |
| | Вкупно: | 30,950 % |

| - на **Надзорниот одбор:** | | |
|---|---|---|
| 1.) Проф. д-р Тито Беличанец......... | 2.481 | 0,549 % |
| 2.) Григор Копров........................... | 20.708 | 4,579 % |
| | Вкупно: | 5,128 % |

Во извештајниот период 01.01-31.12.2020 година не е вршена нова емисија на акции и не се откупени/стекнати сопствени акции на Друштвото.

- Акционери кои поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на издадени акции на Друштвото на 31.12.2020 год. се следните :

| Акционери: | Број на обични акции | Процентуелен износ |
|---|---|---|
| 1.) Доне Таневски, Р.Македонија...... | 88.582 | 19,587 % |
| 2.) Соња Бибановска, Р.Македонија.. | 50.953 | 11,267 % |
| 3.) Отворен задолжителен пензиски Фонд Сава пензиски фонд............ | 39.222 | 8,673 % |
| | Вкупно: | 39,526 % |

- Поделба на акции не е вршена во 2020 година.
- Значајни промени во сопсвеничката структура нема.
- Припојување и спојување нема.

**8.) Дивиденди**

Во деловната 2020 година, согласно остварените резултати во 2019 година, Друштвото изврши исплата на бруто дивиденда во вкупен износ од 92.393.994,00 денари, остварувајќи бруто износ од 227,00 денари или во проценти 14,40% од номиналната вредност по 1 акција.

**9.) Политика на развој на Друштвото**

Развојната политика на Друштвото е дефинирана и следена од страна на Управниот одбор на Друштвото. Континуирано се анализираат остварувањата на приходите и трошоците во тековната во однос на претходната година како и во однос на предвидувањата во планираниот Бизнис план. За секое неостварување се прават дополнителни анализи за да се утврдат причините и доколку постои можност да се делува на нив, како би се намалиле настанатите отстапувања.

Бизнис планот за наредната година се изработува врз основа на статистичките податоци од Службата за план, анализа и ревизија, комбинирани со податоците за економските движења во земјата. Овој план ги дефинира целите и насоките во кои се одвива работата на Друштвото, како и ефектите кои треба да се остварат, ставајќи акцент на различните особености кои постојат кај пооделни подружници.

Бизнис планот е документ кој содржи исказ на целта, опис на компанијата, клиенти и целни групи, маркетинг и продажба, стратегија на цени, анализа, конкуренција и финансиски резултати. Финансиските предвидувања се една од најважните компоненти на бизнис планот, затоа што најчесто инвеститорите ја гледаат издржаноста на бизнис планот токму спрема финансиската конкурентност.

Во текот на 2020 година целокупната светска економија беше погодена од глобалната пандемија на вирусот Ковид – 19 која остави тешки негативни последици посебно врз туристичко – угостителскиот сектор, а проценките за 2021 година се дека глобалната пандемија нема да намали со својот интенизтет. Поради тие причини Друштвото нема реална основа врз која ќе може да направи проценка за идните економски текови и не е во можност да направи Бизнис план за 2021година.

Планираните инвестиции за тековно и инвестиционо одржување во 2021 година се повисоки во однос на претходната 2020 година, бидејќи се очекува завршување на веќе започнатите инвестициски активности, како и започнување на нови, се со цел да се искористи периодот кога Друштвото работи со минимален капацитет, да се извршуваат инвестициски активности.

И покрај ваквите услови за работа, Друштвото ќе настојува со максимална грижа при менаџирањето овој период на застој во работењето да го надмине со што помалку негативни последици.

Кај политиката на развој спаѓа и Планот за инвестиции кој се предвидува секоја година. Секоја подружница на Друштвото доставува предлог план за инвестиции и тековно одржување, кој подразбира потреба од нови вложувања, а менаџерскиот тим одлучува колку средства се потребни да се издвојат за инвестирање и модернизирање на капацитетите, со што би се задржале постојните и би се придобиле нови клиенти со пружање на најквалитетни хотелско-угостителски услуги, во рамките на светските стандарди кои важат во хотелиерството.

За дел од објектите, инвестиционите вложувања во помал обем се насочуваат претежно кон подобрување на условите за работа, спроведување на новини во регулативите во хотелиерството и задолжително спроведување на нови стандарди за брендираните хотели и тековни одржувања.

Политиката на располагање со средства и добивка подразбира изнаоѓање на оптимален однос на потребните срдства за инвестирање како би се зголемил капиталот на Друштвото и средствата што ќе се издвојат за исплата на дивиденда.

## 10.) Човечки ресурси

Кадровската политика на Друштвото се карактеризира со ставање на акцент на човечките ресурси и тоа од моментот на: нивното планирање, селекција и прием на нови вработени, нивно воведување и прилагодување, мотивирање, наградување, континуирано стручно оспособување и усовршување, унапредување и задржување на вработените.
Карактеристично за квалификационата структура на вработените е се поголемото учество на високообразован кадар.

Преку инвестиција во развој на човечките ресурси се остварува квалитативен повраток во продуктивноста на вработените, што се ефектуира врз зголемување на вкупните финансиски перформанси на Друштвото.

Бројот на вработени на денот на известување 31.12.2020 година, согласно матичната евиденција на Друштвото изнесува 125 вработени, бројот на вработени е намален во однос на минатата 201 9година (2019:227).

Структурата на вработените на крајот на годината според квалификациите на вработените на 31.12.2020 е следната:

Табела бр.2

| школска подготовка | **2020** | % учество | **2019** | % учество |
|---|---|---|---|---|
| НКВ | 6 | 4.80 | 16 | 4,85 |
| ПКВ | 2 | 1.60 | 3 | 0,88 |
| КВ | 37 | 29.60 | 61 | 28,29 |
| ССС | 52 | 41.60 | 98 | 44,05 |
| ВКВ | 1 | 0.80 | 1 | 0,88 |
| ВШС | 1 | 0.80 | 1 | 1,32 |
| ВСС 7/1 | 23 | 18.40 | 44 | 18,50 |
| ВСС 7/2 | 3 | 2.40 | 3 | 1,32 |
| **Вкупно** | **125** | **100,00** | **227** | **100,00** |

Друштвото во 2020 година има вработено 22 лица, во поголем дел на определено време, а по различни основи заминале 124 лица, од кои на 8 вработени работниот однос им е престанат поради остварување на право на старосна пензија.

Друштвото, во наредниот период ќе продолжи да вработува високо квалитетен кадар, да вложува во обука и стручно доосспособување на своите вработени, со цел да се придонесе кон постигнување на подобри ефекти и резултати во работењето.

## 11.) Дејност на Друштвото

Основна дејност на Друштвото е хотелиерство и угостителство. Основни показатели за работата на хотелите се:

- бројот на остварени ноќевања (табела бр. 3);

Табела бр.3

| **Македонијатурист АД Скопје (реализирани ноќевања)** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2020 год.** | **2019 год.** | **инд.%** |
| домашни | 3.131 | 8.617 | 36,34% |
| странски | 8.531 | 75.469 | 11,30% |
| **вкупно ноќевања** | **11.662** | **84.086** | **13,87%** |

Од вкупните ноќевања остварени во 2020 година, кои изнесуваат 11.662 (2019:84.086), најголемото учество им припаѓа на земјите прикажани во табела бр.4.

Табела бр.4

| Земја | Ноќевања-2020 | % на учество | Ноќевања -2019 | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | 3.161 | 27,11% | 8.617 | 10,25% |
| Србија | 1.199 | 10,28% | 5.153 | 6,13% |
| Турција | 858 | 7,36% | 11.148 | 13,26% |
| Хрватска | 850 | 7,29% | 4.356 | 5,18% |
| Бугарија | 779 | 6,68% | 2.443 | 2,91% |
| САД | 399 | 3,42% | 2.019 | 2,40% |
| Грција | 259 | 2,22% | 2.181 | 2,59% |
| Кина | 241 | 2,07% | 4.475 | 5,32% |
| Италија | 195 | 1,67% | 2.656 | 2,59% |
| Словенија | 194 | 1,66% | 2.109 | 2,51% |
| Босна и Херцеговина | 227 | 1,95% | 1.684 | 2,00% |
| Германија | 189 | 1,62% | 2.979 | 3,54% |
| Холандија | 77 | 0,66% | 1.607 | 1,91% |

Во 2020 година во структурата на туристите кои преноќувале во подружниците на „Македонијатурист“ АД значително се разликува во однос на претходната година, најголема е застапеноста на домашните гости со оглед на тоа дека во текот на годината беше прогласена вонредна состојба на територијата на целата земја, границите беа затворени, а странските државјани можеа да влезат само под одредени услови. Понатаму во структурата

следни по застапеност се гостите од соседните земји и од земјите членки на Европската Унија.

Во постојните услови на глобална пандемија и неизвесност во работењето во претстојниот период, вистински проблем претставува определувањето на степенот на предвидливост на побарувачката на гостите, што претставува критичен момент во работењето на хотелскиот бизнис. Со цел да се задржи добрата позиција на пазарот на цени и конкуренцијата, Друштвото прави анализа на движењето на бројот на ноќевања во однос на ноќевањата реализирани на ниво на град Скопје.

Според податоците добиени од Заводот за статистика за остварените ноќевања во 2020 година, Друштвото учествува со 7,1% во вкупниот број на ноќевања на ниво на Скопски регион, наспроти 12,26% во 2019 год., односно, учеството на бројот на ноќевања на Друштвото во вкупниот број на ноќевања во 2020 година на ниво на Скопски регион е помало за 5,16% од истото во 2019 година.

Големата разлика во бројот на ноќевањата во споредба со минатата година претставува директна последица на глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 врз која Друштвото немаше никаква можност да делува. Но и покрај големата неизвеснот што стои пред Друштвото во текот на 2021 година, основните активности ќе бидат насочени кон подобро искористување на хотелските капацитети, како и намалување на непродуктивните трошоци.

Како резултат на квалитетните услуги што ги дава Друштвото, истото успева да го задржи значајното место во хотелиерството на ниво на град Скопје.

Преку степенот на искористеност на расположливите капацитети може да се согледа успешноста во работењето на подружниците. Во тој поглед, состојбата на искористеност на капацитетите е следната:

Табела бр.5

| | % на искористеност 2020 | % на искористеност 2019 | индекс 2020/2019 | разлика 2020-2019 |
|---|---|---|---|---|
| "Македонијатурист" АД | 9,37% | 35,33% | 26,52% | |

Од табелата бр.5 се гледа дека искористеноста на капацитетите на ниво на "Македонијатурист" АД во 2020 година е 9,37% наспроти 35,33% во 2019 година, што е значително помалку во однос на минатата година, но треба да се имаат во предвид условите за работа во текот на изминатата година.

## 12.) Општествено – економски амбиент во кој работеше Друштвото во 2020 година

Во текот на 2020 година глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 ја парализира целокупната светска економија, а посебен негативен ефект имаше врз секторот туризам и угостителство. Како директен резултат на негативните последици од глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 врз која Друштвото немаше никакви можности да влијае се остварените негативни финансиски резултати од работењето на Друштвото во цела 2020 година.

Македонскиот пазар не остана имун на последиците од глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 која директно или индиректно ги погоди сите негови сегменти. Со оглед на тоа дека глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 не намалува со својот интензитет постои голема неизвеснот за предвидување економските текови и можноста на Друштвото директно да влијае на нив.

Работејќи во услови на глобална пандемија Друштвото се најде пред предизвик досега непознат во неговата долга историја. Справувајќи се со предизвикот односно негативните последици од глобалната пандемија, менаџментот превзема неколку активности со кои успеа да ги намали негативните последици од пандемијата. Имено, во почетокот на

месец јули Управниот Одбор на Друштвото донесе одлука за времен прекин со деловна активност на подружниците: Бест Вестерн Хотел Турист, Хотел Карпош и Хотел Водно. Во исто време менаџментот проценувајки дека во ваков период најдобро е да се искористи за инвестиции, одлучи главниот акцент да се стави на инвестициските активности во подружниците од кои најзначајна е инвестицијата за целосно реновирање и санација на Хотелот Холидеј Ин. Оваа инвестиција за целосно реновирање и санација на Хотелот Холидеј Ин започна во 2019година, продолжи во текот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. По завршувањето на инвестицијата се очекува Хотелот Холидеј Ин како дел од семејството на светскиот бренд IHG (International Hotels Group) да ги задоволува најстрогите светски стандарди во хотелиерството. Од тие причини во почетокот на месец декември Управниот Одбор донесе Одлука за времен прекин на деловната активност на подружницата Хотел Холидеј Ин заради изведување на инвестициски активности, а во исто време со деловна активност започна Бест Вестерн Хотел Турист кој прекина со деловна активност на почетокот на месец јули.

Една од главните карактеристики во долгогодишното работење на Друштвото е неговата општествена одговорност, која што уште еднаш ја покажа и во услови на пандемија на вирусот Ковид-19. Во борбата против ширењето на вирусот Ковид-19 Друштвото ги стави на располагање дел од своите сместувачки капацитети без надмест за сместување на лица спроведени во државен карантин организиран од Владата на Р.С.Македонија.

И покрај целокупниот негативен амбиент во кој делува Друштвото, тоа континуирано ги следи економските состојби на пазарот, ја следи и ја анализира конкуренцијата, ги следи новите трендови во хотелското и ресторанското работење, води постојана грижа за зголемување и одржување на вредноста на капиталот и сл., се со цел да го задржи рејтингот на пазарот.

Тоа значи дека работењето на Друштвото се заснова на претходно предвидени активности со кои навреме се настојува да се реагира на сите промени во опкружувањето и соодветно да реагира на нив.

Во такви услови, Друштвото, со целосна ангажираност во сите сегменти од своето работење, ги реализира своите цели и задачи и настојува да ги намали негативните последици од новонастанатие услови во кои Друштвото ја врши својата дејност.

Инвестициите направени во претходниот период, како и предвидените за наредниот период, се очекува да бидат добра база за остварување на позитивни резултати во иднина, така што може да се каже дека и покрај неповолните влијанија, благодарение пред се на добрата бизнис стратегија и постојана инвестициона активност, Друштвото по завршувањето на глобалната пандемија на вирусот Ковид-19 се очекува да оствари позитивни резултати.

**13. ) Финансиски резултати на Друштвото**

Финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година ќе бидат ревидирани од страна на независната ревизорска куќа Рафајловски ревизија ДОО - Скопје.

Анализирајќи ги резултатите на Друштвото за 2020 година, може да се констатира дека истите се директна последица од работењето во услови на глобална пандемија на вирусот Ковид-19 врз која Друштвото немаше никакви можности да влијае, со што може да се каже дека Друштвото работеше во една исклучително тешка година.

Како резултат на негативниот амбиент во која работеше во текот на 2020 година Друштвото оствари негативен финансиски резултат односно загуба од 35,40 милиони денари, во споредба со претходната 2019 година кога оствари добивка (2019:107,23 мил, ден.).

Основни финансиски податоци од работењето на Друштвото се следните:

Табела бр.6

| | **2020** | **2019** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| | **во мил.ден.** | **во мил.ден.** | **20/19** |
| Вкупен приход | 129,55 | 367,70 | **35,23** |
| Вкупни трошоци | 164,95 | 260,47 | **63,33** |
| **Бруто добивка** | **-35,40** | **107,23** | |
| **Нето добивка** | **-35,40** | **106,11** | |

Од Билансот на успех за 2020 година, вкупните приходи на Друштвото изнесуваат 129,55 милиони денари, кои споредени со истиот период минатата 2019 година, бележат намалување од 64,76% кога истите изнесувале 367,70 милиони денари.

Приходите од продажба се намалени за 79,11% во споредба со минатата година и истите изнесуваат 65,20 милиони денари (2019:312,08 мил.денари). Поединечно гледано, приходите од ноќевања се намалени за 85,91%, приходите од храна се намалени за 84,96%, додека приходите од пијалок се намалени за 66,93%.

Останатите деловни приходи изнесуваат 64,35 мил.денари и бележат зголемување за 15,70% во однос на 2019 год. (2019:55,62 мил.денари).

Вкупните трошоци на Друштвото во 2020 година изнесуваат 164,95 милиони денари, истите бележат намалување за 36,67% во однос на 2019 година (2019:260,47 мил.денари).

Материјалните трошоци се намалени за 59,61% во однос на 2019 год. и во 2020 година изнесуваат 29,24 милиони денари (2019:72,39 мил.денари), трошоците за плати се намалени за 22,62% во однос на 2019 година а амортизацијата е намалена за 2,30% во однос на претходната година.

Останатите трошоци од работењето бележат намалување за 65,78% во однос на минататата 2019 година.

Структурата на приходите и расходите од работењето на Друштвото е дадена во табела 7 подолу.

Табела бр.7

| | **2020** | **2019** | **Индекс** | % | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | **во мил.ден.** | **во мил.ден.** | **2020/2019** | структура 2020 | структура 2019 |
| Приходи од продажба | 65,20 | 312,08 | 20,89 | 50,33 | 84,87 |
| Останати деловни приходи | 64,35 | 55,62 | 115,70 | 49,60 | 15,13 |
| **Вкупни приходи** | **129,55** | **367,70** | **35,24** | **100,00** | **100,00** |
| Материјални трошоци | 29,24 | 72,39 | 40,39 | 17,73 | 27,79 |
| Останати трошоци од работење | 18,61 | 43,28 | 43,00 | 8,98 | 16,61 |
| Бруто плати | 62,78 | 89,20 | 70,38 | 40,36 | 34,25 |
| Амортизација | 54,32 | 55,60 | 97,70 | 32,93 | 21,35 |
| **Вкупни трошоци** | **164,95** | **260,47** | **63,33** | **100,00** | **100,00** |

**Финансиски извештај за Сеопфатна добивка** (по МСФИ)

Во “останатата сеопфатна добивка“ се опфатени компоненти на добивка и загуба од повторно мерење на финансиските средства расположливи за продажба.

Овие акции се хартии од вредност расположиви за продажба-кои котираат на пазарот на хартии од вредност и за кои постои активен пазар и се водат во активата на Друштвото по објективна вредност намалени за оштетувања.

1.) Друштвото во текот на 2020 година ги направи следните финансиски вложувања:

Вложување во долгорочни хартии од вредност кои се чуваат до доспевање – корпоративна обврзница од втората емисија издадена од ТТК Банка АД Скопје која е со рок на доспевање од 6 години и 2,70% годишна каматна стапка.
Вложување во долгорочни хартии од вредност расположливи за продажба - обични акции кај други правни лица во Р.Македонија и тоа: 2.700 обични акции во ТТК Банка АД Скопје, 2.000 обични акции во Комерцијалн Банка АД Скопје и 518 обични акции во НЛБ Банка АД Скопје

Во 2020 година Друштвото бележи добивка од повторното мерење на финансиските средства и тоа од 32.810 илјади денари, наспроти 2019 година кога Друштвото бележеше добивка од повторното мерење на финансиските средства и тоа од 81,516 илјади денари.

Промените се резултат на движењата на пазарна цена на хартиите од вредност кои Друштвото ги поседува кај други правни лица кои котираат на Македонската берза.

Менаџментот на Друштвото одлучи да не искажува ефект од повторно мерење во своите финансиски извештаи преку Билансот на успех на Друштвото, туку да врши континуирано следење на движењето на долгорочните финансиските средства со цел навремено интервенирање на ризиците од намалување на вредноста на истите стредства.

Вложувањата во долгорочни хартии од вредност иницијално се признаени во финансиските извештаи на Друштвото по набавна вредност зголемена за трошоците на трансакцијата.

Објективната вредност на котираните вложувања се базира на тековните цени на хартиите од вредност на котација. Доколку пазарот на хартии од вредност за некое финансиско средство не е активен, Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техника на проценка.

2.) Исто така Друштвото во текот на 2020 година изврши вложување на средства во купување на удели во отворени инвестициски фондови во Р.С Македонија кои во текот на годината беа во целост продадени.

Менаџментот на Друштвото одлучи да го искажува ефект од повторно мерење во своите финансиски извештаи од вложувања во краткорочни хартии од вредност-удели и истите ги искажува во Билансот на успех на Друштвото за 2020 година, притоа и понатаму врши континуирано следење на движењето на овие краткорочни финансиските средства со цел навремено интервенирање на ризиците од намалување на вредноста на истите средства вложени во отворените инвестициски фондови во земјата.

Вложувањата во краткорочните хартии од вредност иницијално се признаени во финансиските извештаи на Друштвото по набавна вредност зголемена за трошоците на трансакцијата.

Објективната вредност на овие краткорочни вложувања се базира на тековните цени на хартиите од вредност на пазарот на хартии од вредност.Доколку пазарот на хартии од вредност за некое финансиско средство не е активен, Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техника на проценка.

Врз основа на вреднувањата на долгорочните хартии од вредност односно вложувања во обични акции кај други правни лица, Друштвото изкажа негативна разлика во финансискиот извештај за сеопфатна добивка по која вкупната сеопфатна загуба за 2020 година изнесува 2,59 мил.денари (2019: 187,62 мил. денари), дадено во табелата подолу.

**Извештај за останата сеопфатна добивка**
за годината завршена на 31 декември 2020

| *Во илјади денари* | **2020 год.** | **2019 год.** |
|---|---|---|
| **Добивка за годината (нето)** | **-35.396** | **106.108** |
| Останата сеопфатна добивка | 32.811 | 81.516 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **-2.585** | **187.624** |

Согласно член 384 од ЗТД исплатата по основ на примања на членовите на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на Друштвото, исплатени од страна на Македонијатурист АД Скопје, известуваме дека на членовите на Управниот одбор на друштвото во 2020 и 2019 година не се исплатени надоместоци за учество во одборот.

На членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во 2020 година се исплатени бруто 1.455.365 денари, додека во 2019 година се исплатени 1.885.099 денари.

**Трансакции со клучниот менаџерски персонал**

| *во илјади денари* | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Краткорочни користи за вработените-бруто | 19.449 | 21.411 |
| | **19.449** | **21.411** |

Од страна на Друштвото за сите исплати извршени во текот на 2020 година по разни основи, на членовите на Управниот Одбор и на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото, доставени се податоци преку системите на Управата за јавни приходи-за исплата на плати (МПИН), односно системот на Е-ПДД за исплата на надоместоците согласно со Законските прописи.

**Заработка по акција**

Пресметката на основната заработка по акција се прави врз основа на нето добивката за годината, која им припаѓа на имателите на обични акции и бројот на обични акции со право на глас во текот на годината пресметано како што следува:

**Добивка расположива за имателите на обични акции**

| *Во илјади денари* | **2020** | **2019** | **Индекс 20/19** |
|---|---|---|---|
| Добивка за годината | | 106.108 | |
| **Добивка расположива за имателите на обични акции** | | **106.108** | |
| Вкупна заработувачка по акција | | 235 ден. | |
| Вкупна разводнета заработувачка по акција | | 261 ден. | |

**Број на обични акции**

| *Во број на акции* | **2020** | **2019** | **Индекс 20/19** |
|---|---|---|---|
| Издадени обични акции на 1 јануари | 452.247 | 452.247 | 100% |
| Ефект од откупени сопствени акции | (45.225) | (45.225) | 100% |
| Просечен број на обични акции на 31 декември | 407.022 | 407.022 | 100% |

Со оглед на остварениот негативен финансиски резултат за 2020 година, не е извршена пресметка на заработка по акција.

Од Извештајот за финансиската состојба за период заклучно со 31.12.2020 година, видно е намалување на капиталот на Друштвото за 4,29% ( 2019: 2,88%).

Вкупните постојани средства се намалени за 3,51% во однос на претходната година, а долгорочните финансиски вложувања бележат намалување за 6,28% во однос на 2019 година.

Тековните средства бележат намалување за 6,63%, при што залихите се намалени за 20,72%, краткорочните побарувања се зголемени за 29,60%, а краткорочните финансиски вложувања се намалени за 7,66% во однос на претходната 2019 година.

Вкупната актива и пасива на Друштвото во 2020 год. изнесува 2.532.932.445 денари (2019:2.659.377.939 денари), при што активата оваа година бележи намалување за 4,75%.

Согласно Извештајот за промените во капиталот, капиталот и резервите на Друштвото со состојба на 31.12.2020 год. изнесува 2,49 мил. денари и има намалување за 4,29% во однос на претходната година (2018: 2,60 мил. денари).

Вкупните тековни обврски на Друштвото се намалени за 30,69% во однос на 2019 година и во 2020 година тие изнесуваат 39.13 мил. денари (2019:56,46 мил. денари).

**Вкупните долгорочни обврски**

На 10.02.2020 година склучен е договор за долгорочен под-кредит преку Шпаркасе Банка АД Скопје од кредитната линија на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во износ од 300.000 евра за набавка на опрема во Хотел Холидеј Ин и Хотел Белви. Обврските по долгорочниот кредит се рекласифицирани како краткорочни откако периодот за отплата на ануитетите по кредитот е помал од 12 месеци.

## 14.) Економски финансиски показатели на Друштвото

Успешноста во работењето на Друштвото најдобро се следи преку показателите прикажани во табела бр.8, кои најдобро го покажуваат односот на обврските со расположливите средства, финансиската стабилност, остварениот профит наспроти вложените средства и останато.

Табела бр.8

| Р. бр. | Финансиски показатели | 2020 год. | 2019 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | Финансиска сигурност | 98,17% | 97,69% |
| 2 | Степен на самофинасирање | 162,80% | 164,12% |
| 3 | Општа ликвидност | 2.560,20% | 1.900,65% |
| 4 | Моментна - тековна ликвидност | 2.521,81% | 1.866,72% |
| 5 | Степен на репродуктивна способност на сопствените средства | -1,36% | 4,06% |
| 6 | Степен на репродуктивна способност на вкупниот капитал | -1,40% | 3,99% |
| 7 | Степен на репродуктивна способност на акционерскиот капитал | -5,05% | 15,14% |
| 8 | Учество на добивката и амортизацијата во вкупната актива | 0,75% | 6,08% |
| 9 | Бруто профитна маржа - бруто добивка / вкупни приходи | -54,29% | 34,36% |
| 10 | Нето профитна маржа - нето добивка / вкупни приходи | -54,29% | 34,00% |

Показателот за учество на капиталот и резервите во вкупната пасива, претставува показател за финансиска сигурност на Друштвото и е еден од основните показатели на работењето и во 2020 година изнесува 98,17% (2019:97,69%).

Степенот на самофинансирање покажува во кој процент се покриени постојаните средства од сопствените извори. Доколку е поголем процентот на сопствените извори на

финансирање, се смета дека Друштвото е финансиски постабилно и за оптимална вредност се смета вредноста од 100%. Овој показател на Друштвото за 2020год. изнесува 162,80%.

Односот помеѓу тековните средства и тековните обврски го дава показателот за општа ликвидност кој покажува дека тековните средства на Друштвото во 2020 год. се за 25 пати поголеми од краткорочните тековни обврски.

Показателот на моментна ликвидност ја покажува способноста на фирмата да одговори на краткорочните обврски со своите најликвидни средства.

Ликвидноста на Друштвото ја дефинира неговата способност за тековното плаќање. Оптималната вредност на коефициентот е 2 што значи дека Друштвото се одликува со висок степен на ликвидност.

Степенот на репродуктивната способност на сопствените средства, на вкупниот капитал и на акционерскиот капитал се сметаат за едни од клучните коефициенти при анализата на профитабилноста на Друштвото. Овие показатели покажуваат колку ефикасно се вложени средствата, вкупниот капитал во создавање на профит, односно колкав е степенот на нивното оплодување.

Бруто и нето - профитна маржа се показатели за утврдување на профитабилноста на Друштвото и го покажуваат уделот на добивката во приходот од продажбата. Овие показатели се со негативен предзнак поради негативниот финансиски резултат.

**15.) Работење на заедничките служби на Друштвото во 2020 година**

За извршување на заедничките активности на Друштвото, како: адмистративно – сметководствени работи, перење на постелнина и веш, превоз, поправки, слаткарски услуги и сл., формирани се **интерни служби**: Дирекција, Слаткара, Возен парк, Перална и Техничка служба.

**Дирекција**– за потребите од извршување на административно – сметководствени работи, како и за вршење на комерцијални услуги (набавки на материјали и суровини за сите подружници) и услуги за техничко одржување, во организационата структура на Друштвото, во состав на Дирекцијата, се формирани и функционираат следните служби:

**Служба за сметководствени работи** - Во деловната 2020 година, Службата извршуваше сметководствено-финансиски работи во согласност со законските прописи, општите и посебните акти на Друштвото.

Исто така, беа преземени мерки за навремено евидентирање на сметководствените промени како и книжење на истите во главната книга на Друштвото.

Следејќи го дневниот прилив на средства и наплатата на побарувањата, Службата предлагаше начин на плаќање на обврските во утврден рок и известуваше за обврската за плаќање како и за состојбата на средствата.

За реализираните услуги, Службата изготвуваше фактури и спроведуваше налози за книжење.

Воедно, од страна на Службата постојано беше следена состојбата со плаќањата од комитентите, со цел навремена наплата на побарувањата и навремена достава на предлог за тужби за сомнителните и спорни побарувања до Службата за општо-правни работи на Друштвото.

Како дел од активностите на Службата, битно е да се спомене дека истата изготвуваше месечни извештаи за состојбата на паричните средстства, депозитите како и преглед на побарувањата и обврските до членовите на Управниот одбор на Друштвото како и до лицата со посебни овластувања/раководители на подружниците. Истовремено изготвуваше и навремено доставуваше месечни извештаи пропишани согласно со законските прописи до државните институции.

Службата професионално и ажурно ја водеше целокупната аналитичка и синтетичка евиденција согласно законските прописи на сите средства и извори и ја усогласуваше финансовата и материјалната евиденција со Меѓународните сметководствени стандарди.

Исто така, Службата одговорно и ефикасно го организираше и спроведуваше редовниот годишен попис на целокупниот имот на Друштвото.

За извештајниот период одговорно и благовремено изготвуваше периодични пресметки, годишни сметки и извештаи, кои се неопходни за согледување на движењата на приходот и трошоците и истите навремено ги доставуваше до органите на управување на Друштвото, врз основа на кои се носеа деловни одлуки.

**Служба за план, анализа и развој** – како дел од Секторот за стопанско-сметководствени работи, ги опфаќа следните активности: прием, контрола и ликвидација на комплетната документација (дневни журнали, пазарни листи, спецификации и рекапитулари за приходот и трошоците) од сите подружници на дневно, периодични и месечно ниво. Како резултат на тоа изготвува периодични и месечни финансиски извештаи од која се гледа финансиската состојба на сите подружници и истите се доставуваат до членовите на Управен одбор.

Во текот и на 2020 година како и во изминатите години, вработените од оваа служба направија детални анализи на одредени параметри во работењето на подружниците и тоа на: бројот на ноќевања, просечна продажна цена по ноќевања, утврдување на цена на чинење по соба и ноќевање, утврдување на цена на чинење на хотелскиот појадок и топол оброк, следење на набавните и продажните цени и утврдувњае на маржи и сл., со цел следење на остварените финансиски резултати од подружниците и заедничките служби на Друштвото.

Оваа служба ја следи состојбата на залихите на храна и пијалок и редовно се прават месечни анализа за да се утврди реалната состојба на истите. Во текот на 2020 год. покрај редовните пописи на храна и пијалок, беа извршени и неколку вонредни пописи со цел да се зголеми интерната контрола. Во делот на интерните контроли се спроведува:

- контрола на исправноста на касовите (благајничките извештаи) на секои 15-ти во месецот и на крај на месецот;
- контрола на точноста на кварталните и месечните извештаи за приходот заради негово правилно книжење во сметководство;
- контрола на маржите и репрезентацијата на храна и пијалок од сите подружници;
- контрола на утврдување на кусоци и вишоци и нивно решавање со задолжување на вишоците и наплата на кусоците;
- контрола на законски утврдената туристичка такса заради навремено подмирување на обврската кон државата и други контроли;
- контрола на работењето на заедничките служби (Возен парк, Слаткара, Техничка служба, Перална) и утврдување на нови интерни цени.

Службата за план, анализа и развој, секој месец доставува извештај за бројот на гости и ноќевања како и квартални извештаи за храна и пијалок до Државниот завод за статистика на РМ која претставива законска обврска на Друштвото.

**Служба за општо-правни работи**- Во извештајниот период, Службата за општо – правни работи ги извршуваше сите службени нормативно – правни, стручно – аналитички и други работи за потребите на Друштвото како целина и на ниво на подружници, паралелно со континуирано следење на измените во законските прописи и нивна имплементација во работењето на Друштвото.

Во делот на иницираните судски постапки, во извештајниот период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година од страна на Македонијатурист АД Скопје поведени се 3 нови постапки со вкупен утужен износ од 171.453,00 денари.

Во извештајниот период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година од тужените комитенти наплатен е износ од 202.407,00 денари.

Вкупниот износ на утужени побарувања од комитенти по судските предмети во кои Друштвото се јавува како тужител, со состојба на ден 31.12.2020 година, изнесува 364.694,00денари, со тоа што активни постапки се против вкупно 5 утужени клиенти.

Во делот на имотно – правните односи**,** по однос на постапката за легализација на објектот на Хотел “Водно” пред Општина Карпош е завршена. Останува да се откупи земјиштето под и околу објектот, за да може оваа постапка да се спроведе потребно е прво да заврши Управниот спор околу корисничкото право на дел од земјиштето.

Што се однесува до поранешен **Хотел “Сарај”,** делот од овој објект кој остана со незапишани права, е предмет на постапка за легализација која е покрената пред Општина Сарај на крај од 2015 година. Постапката за легализација се уште во тек.

Во постапка пред Министерството за финансии на Република Македонија – Општина Центар е приватизација на градежно земјиште **–** Ресторан Пивница, за катастарска парцела бр.11971, со Решение на судот предметот е вратен на повторно постапување и одлучување.

По однос деловени објект на ул.11 Октомври бр.40 во Скопје (стар Интеримпекс)**,** кој сега е сопственост на Македонијатурист АД Скопје, во текот на Јули 2019 година пред Општина Центар е иницирана е постапка за приватизација на земјиштето под и околу објектот кое претставува дел од Градежната парцела на објектот. Постапката е се уште во фаза на разгледување на Барањето.

**Служба за набавка и магацинско работење**- во текот на минатата година, врз основа на добиени требувања од подружниците на Друштвото, Службата се ангажираше навремено да ги исполни своите обврски околу требуваните артикли за храна, пијалок, техничка роба, ситен инвентар, канцелариски материјали и др.

При вршењето на споменатите активности, Службата во континуитет го следи пазарот и движењето на цените, и врз основа на добиените сознанија прибавува понуди од неколку добавувачи од кои ја избира најповолната понуда.

При изборот на најповолна понуда, посебно се обрнува внимание производите што се набавуваат да се со што е можно пониски цени а нивниот квалитет и квантитет да одговара на потребите и барањата на подружниците, како и на имиџот на Друштвото во целина.

Во рамките на редовното работење на Службата, во текот на минатата година се следеше нивото на залихи и истите се одржуваа на неопходното минимално и максимално ниво.

Исто така, Службата во континуитет одржува контакти со постојните добавувачи и наоѓа нови добавувачи во зависност од поволноста на цените и квалитетот на производите кои ги нудат.

**Слаткара** - произведува и испорачува слатки и торти на сите подружници. Во 2020 година, службата има произведено 21.313 парчиња слатки, што е значително помалку во однос на 2019 год. (2019: 260.670 пар.). Ваквото големо намалување е директна последица на условите за работа во 2020 година кога целкупната активност на Друштвото беше речиси целосно замрена а работењето на Слаткарата е директно поврзано со обемот на работа на сите подружници.

Слаткарата е опремена со најсовремена опрема за производство на слатки и торти и ги опслужува сите подружници за договорените организирани настани. Исто така и Слаткарата е опфатена во процесот на реновирање и адаптација на Хотелот Холидеј Ин со што во уште поголема мерка ќе ги задоволува најстрогите стандарди од кои со исклучителна важност е примената и почитувањето на HACCP стандардите за безбедна храна.

**Возен парк** – располага со 6 товарни и 6 патнички возила со кои се користат реализирање на транспортните потреби на гостите и подружниците. Во 2020 година има реализирано 49.785 километри или за 42% помалку во однос на претходната година (2019: 85.907 км).

Вкупните километри од патнички возила изнесуваат 24.562 км и се реализирани како од трансферите на гости (во помал дел) и од извршувањето на услуги за потребите на подружниците и Дирекција (поголемиот дел), додека вкупните километри од товарните возила изнесуваат 25.223 км., и истите се реализирани од возилата што ги извршуваат сите набавки на храна, пијалок, транспорт на материјал за перење и сл., за сите подружници.

Возниот парк, покрај приходот што го остварува интерно од сите подружници, приход остварува и од трансфери на гости. Нето прометот од трансфери во 2020 год. изнесува 238.756 ден. односно за 72% помалку во однос на 2019 год.што исто така е директна последица на условите за работа изминатата година.

Вработените од оваа Служба се грижат за навремено исполнување на годишната обврска за регистрација и осигурување на возилата. Исто така се води грижа континуирано да се одржуваат возилата односно се носат на редовен сервис заради поголема безбедност на патниците.

Во делот на Возниот парк се наоѓаат и возила кои го обавуваат магацинското работење (сите набавки), како и возило кое го обавува транспорот на материјал за перење (постелнина, фротир, ресторански чаршафи и облека) од сите подружници до Перална Сарај и назад.

Вработените од оваа Служба се грижат за рационализирање на трошоците, а воедно и за квалитетно извршување на трансфер услугите на гостите.

**Перална Сарај** – оваа организациона единица пере постелнина, фротир, ресторански чаршафи и облека за сите подружници како и за надворешни лица. Располага со современа опрема за перење, пеглање и сушење и со својата работа не ја загадува околината.

Пералната во 2020 година има испрано 27.148 кгр. материјал, односно количеството на испрана постелнина, фротир, ресторански чаршафи и облека е намалено за 85,65% во однос на 2019 год. (2019: 189.171 кгр.), при што се искористени 8% од реалниот инсталиран капацитет.

Кај Пералната постои можност за зголемување на реалниот инсталиран капацитет, доколку се јави потреба за тоа.

Сите машини редовно се одржуваат и поправаат по потреба.

**Техничка служба** – активностите на Службата претежно се насочени кон отстранување и санација на пријавените дневни дефекти во сите подружници на Друштвото.

Во текот на 2020 година, отстранети се сите пријавени недостатоци (дефекти) по подружниците, при што се реализирани 4.964 работни часови или 57% од вкупниот број на можни работни часови во годината.

Исто така, Службата води сметка за сигурно функционирање на системот на ефикасно, планирано и превентивно одржување (Холикер) и ја спроведува програмата за енергетска конзервација со цел рационализирање на трошоците.

Вработените во оваа Служба се од различни профили: електричар, молер, водоинсталатер, фригометар и сл. и по потреба учествуваат во извршувањето на поголеми инвестициони зафати во делот на демонтажа и монтажа на опрема и сл., без да бидат ангажирани надворешни фирми, со што се намалуваат трошоците на работењето на подружниците.

**Стручно лице за безбедност и здравје при работа**

Друштвото согласно законот за Безбедност и здравје при работа, има назначено стручно лице за безбедност при работа, кое кај работодавачот е назначено за извршување стручни задачи поврзани со безбедноста при работа (во натамошниот текст: стручно лице).

Согласно со законот стручното лице е одговорно за изготвување на законските прописи за работодавачот и изготвува и спроведедува контрола за безбедноста за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.

Поради тоа истото лице врши месечна контрола за на сите објекти од безбедноста која се заснова врз идентификација на опасноста и процена на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за безбедност, во согласност со законските прописи.

Стручното лице во текот на 2020година организираше обука за ново вработените од областа на безбедност и здравје при работа.

Вработените кои немаа поминато обука од областа на безбедност и здравје при работа, согласно програмата за работа беа обучени со цел запознавање на вработените со општите и посебните мерки од областа на безбедност и здравје во сферата на нашето работење, од страна на стручно лице за обука од Технолаб ДОО- Скопје (овластена фирма за вршење на стручни прегледи и испитувања, како и обучување на вработените од областа на безбедност и здравје при работа, согласно член 31 од Законот за Безбедност и здравје при работа ( Сл. Весник на Р. Македонија бр. 92/07).

**Офицер за заштита на лични податоци**

Со законот за заштита на лични податоци се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на физичките лица, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Во 2014 година беше извршена ревизија од страна на овластена фирма на информацискиот систем и информатичката инфраструктура и на рачната обработка на личните податоци.

Исто така се изработени и обезбедени "Правилник за создавање систем на технички и организациони мерки","Правилник за вршење видео надзор", Правилник за начинот на правење на сигурносна копија", "Изјави од вработените за тајност и заштита на лични податоци" и останати документи согласно закон.

**16.) Работење на Службата за внатрешна ревизија во 2020 година**

Внатрешната ревизија е независна активност која обезбедува објективно испитување на ефикасност и адекватност на активностите на Друштвото, како и советодавна активност со цел да го обезбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото. Воспоставувањето и одржувањето на системите на интерна контрола претставува одговорност на раководството и вработените под надзор на Управниот и Надзорниот одбор.

Во согласност со Законот за трговски друштва (415а - 415г) како и Правилникот за работа, внатрешната ревизија вршеше ревизорски прегледи предвидени со Годишниот план за работа за 2020 година, одобрен и усвоен од Надзорниот Одбор на Македонијатурист АД Скопје.

## 1. Извршени ревизии, наоди и предложени мерки на службата за внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија вршеше ревизорски прегледи предвидени со Годишниот план за работа за 2020 година. Во текот на ревизорските прегледи одговорните лица беа редовно и на време информирани за наодите и препораките од ревизијата.

Ревизорски активности и техники кои може да се употребуваат во текот на ревизијата се: набљудување, интервјуа со вработените и раководството, увид во апликации за работа и финансиски софтвер, тестирање и аналитички постапки.

Во текот на 2020 година беа извршени следните ревизии:

| Реден број | Редовни ревизии | Број на извештај | Период | Број на предложени мерки | Број на имплеметирани мерки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Процедура за пријава и одјава на вработени, годишни одмори, боледувања, дисциплински постапки и наградување, прераспределување | 50/2020 | Мај 2020 | 3 | 3 |
| 2 | Агенциски провизии | 51/2020 | Август 2020 | / | / |
| 3 | Нормативи за храна и пијалок | 52/2020 | Септември 2020 | 1 | 1 |
| 4 | Договори за организирани настани од продажба и маркетинг | 53/2020 | Октомври 2020 | / | / |
| 5 | Материјални трошоци од Главна благајна на Друштвото | 54/2020 | Ноември 2020 | / | / |
| 6 | Хотелско работење | 55/2020 | Декември 2020 | / | / |
| | | | **Вкупно** | **4** | **4** |

## 2. Контролни активности

Во 2020 година беше направена анализа на промет од ресторанско работење и анализи на неделни и месечни пописи. Покрај наведените анализи, службата за внатрешна ревизија спроведе и материјално – финансиска контрола на инвестициски активности кои се завршени или се во тек во х. Холидеј Ин и х. Белви.

За исходите од контролните активности, информирани се засегнатите страни.

## 3. Останати активности

Останати активности во кои беше вклучена Внатрешната ревизија се попис и активности за библиотечниот фонд, како и расход на основни средства и ситен инвентар во сите Подружници на Друштвото. Покрај редовните пописи, Внатрешната ревизија беше вклучена и во вонредени пописи на храна, пијалок, ситен инвентар и потрошен материјал во Подружниците на Друштвото.

**4. Оценка на спроведување на мерки предложени од страна на службата за внатрешна ревизија**

Предложените мерки за 2020 година се дадени за подобрување на системите на интерна контрола, а информациите кои ги доби Внатрешната ревизија укажуваат дека истите се реализирани.

**5. Реализација на поставените цели согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2020 година и оцена на планираното време за контрола**

Внатрешната ревизија беше фокусирана кон ефикасно остварување на поставените цели од Годишниот план во рамки на расположливото време и човечки ресурси, а при тоа настојувајќи да се задржи квалитетот на ревизорската работа.

Внатрешната ревизија смета дека основните поставени цели со Годишниот план за 2020 година се остварени во целост.
Вонредната ситуација настаната во текот на 2020 год. со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19, не влијаеше врз извршување на внатрешните ревизии и контроли.

Употребеното време за вршење на ревизии беше генерално во согласност со планираното и немаше значајни отстапувања земајќи ги предвид ограничените човечки ресурси, вонредните контроли и останатите активности во кои беше вклучена внатрешната ревизија.

**6. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола**

Врз основа на извршените ревизии во текот на 2020 година, внатрешната ревизија се стекна со разумно уверување дека системите за внатрешна контрола се на задоволително ниво и се конструирани во насока на минимизирање на ризиците и остварување на деловната политика на Друштвото, при што предложените мерки од внатрешната ревизија се даваат за подобрување и зајакнување на внатрешните контроли.

**17.) Инвестициони вложувања и тековно одржување во 2020 година**

“Македонијатурист“ АД Скопје, својата инвестициона активност во континуитет ја насочува кон реновирање и модернизација на своите хотелски и ресторански капацитети, со цел да понуди подобра услуга на своите гости и да ја задржи позицијата на пазарот.

Инвестиционите вложувања се состојат од целосно или делумно реновирање на објектите се со цел подобрување на условите за работа, спроведување на нови законски регулативи и задолжително спроведување на нови стандарди за брендираните хотели и тековно одржување, при што од исклучителна важност е примената се HACCP стандардите за безбедна храна, кои се применуваат во сите подружници на “Македонијатурист“ АД Скопје.

За да се создаде вистинска претстава за вложувањата во 2020 година по подружниците и за набавката на нови основни средства, како и средствата вложени за одржување на постојната опрема, истите се прикажани во табела бр.9:

Табела бр.9

*во денари*

| Подружница | Инвестиции/ Инвестици во тек | % учество | Тековно одржување | % учество | ВКУПНО | % учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Х. "Холидеј Ин" | 43.132.352 | 76,8% | 1.448.989 | 42,3% | 44.581.341 | 78,1% |
| Бест Вестерн Х. Турист | 2.348.257 | 4,2% | 161.946 | 4,7% | 2.510.203 | 4,4% |
| Х. " Карпош" | 4.590.288 | 8,2% | 336.418 | 9,8% | 4.926.706 | 4,3% |
| Х. " Белви" | 5.887.538 | 10,5% | 851.168 | 24,8% | 6.738.706 | 11,8% |
| Х. "Бристол" | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Х. "Јадран" | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Х. " Водно" | 69.849 | 0,1% | 39.658 | 1,2% | 109.507 | 0,2% |
| "Пивница" | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Перална Сарај | 18.118 | 0,0% | 80.914 | 2,4% | 99.032 | 0,1% |
| Дирекција | 61.263 | 0,1% | 25.580 | 0,7% | 86.843 | 0,2% |
| Магацин | 6.357 | 0,0% | 1.600 | 0,0% | 7.957 | 0,0% |
| Гаража | 0 | 0,0% | 74.817 | 2,2% | 74.817 | 0,1% |
| Мајстори | 0 | 0,0% | 1.270 | 0,0% | 1.270 | 0,0% |
| Слаткара | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Станови | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| Дуќани | 0 | 0,0% | 62.161 | 1,8% | 62.161 | 0,1% |
| Објект на ул.11 Октомври бр.40 (стар Интеримпекс) | 70.637 | 0,1% | 342.831 | 10,0% | 413.468 | 0,7% |
| Македонијатурист (земјиште) | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% | 0 | 0,0% |
| **Вкупно** | **56.184.659** | **100,00%** | **3.427.352** | **100,00%** | **59.612.011** | **100,00%** |

Анализата на податоците од табелата бр.9 покажува дека:

- Инвестиционите вложувања како и трошоците направени за тековно одржување во 2020 година изнесуваат 59,61 мил. денари;

- Од вкупните инвестициони вложувања во 2020 година најголемо учество во структурата на инвестициите отпаѓа на Холидеј Ин со 76,8%, за Хотел Белви со 10,5%, за Хотел Карпош 8,2% како и за Бест Вестерн Хотел Турист со 4,2% .
- Од вкупните средства издвоени за тековно одржување на објектите и опремата во 2020 година, најголем дел зафаќаат активностите за тековно одржување во Хотел Холидеј Ин со 42,3%, во Хотел Белви со 24,8%, во Хотел Карпош 9,8% и во Бест Вестерн Хотел Турист со 4,7%.

Во х. Холидеј Ин во 2020 год. најголемиот дел од инвестиционите активности се во согласност со Одлуката на Управниот Одбор за комплетно реновирање и санација на хотелот и се состојат во најголем дел од инвестиции во тек (43 мил.денари) кои се однесуваат на комплетно реновирање на хотелот. Овие активности започнаа во 2019 и се очекува да завршат во текот на 2021година.

Во Бест Вестерн Хотел Турист инвестициските активности се состојат од: набавка и поставување на нов тепсон кое треба да биде завршено во текот на 2021година, како и интервенции на системот за греење и ладење со фенкојлери, односно замена на старите со нови компресори.

Во Хотел Карпош, најголем износ од инвестционите вложувања е направен за изработка и поставување на нова платформа и тенда на терасата на хотелот, понатаму, извршена е набавка на разладна комора за потребите на кујната на хотелот како и набавка и поставување на нов теписон кое треба да биде завшено во текот на 2021 година.

Во Х.Белви инвестициските активности се состојат од: реновирање на фасадата на хотелот, реновирање на кујната и набавка на нова кунска опрема, додека пак инвестициските активности во тек кои се однесуваат на целосно затворање на терасата со стаклени панели, поставување на нов шанк и реновирање на ентериерот на ресторанот како и набавката и поставување на нов теписон се очекува да се завршат во текот на 2021 година.

Во Х.Водно извршена е санција на кровот.

Во Перална Сарај во 2020 година најмногу е потрошено за техничко одржување и сервисирање на постојата опрема.

Исто така во 2020 година Друштвото направи помали инвестициони вложувања во Објектот на ул.11 Октомври бр.40 Скопје, како и во Дирекцијата на Друштвото и Магацинот.

**18.) Предвидени активности за 2021 година**

Планираните активности на "Македонијатурист" АД Скопје се во согласност со сите законски регулативи, како и со стратегијата за развој на Друштвото. И покрај тоа што Друштвото се наоѓа пред еден многу неизвесен период предизвикан од пандемијата на вирусот Ковид-19, работењето на Друштвото и понатаму ќе се заснова на претходно предвидени активности со кои навреме може да се реагира на сите промени во окружувањето Поради фактот што основната дејност на Друштвото е хотелиерство и угостителство, основните активности на Друштвото се насочени кон:

- подобро искористување на хотелските капацитети,
- намалување на непродуктивните трошоци кај објектите кај кои постои можност за тоа,
- да се делува на зголемување на остварениот промет,
- рационализација на трошоците,
- заложба за остварување на поголема економичност во работењето,
- следење на внатрешната состојба во подружниците со цел изнаоѓање на подобри организациони решенија, а со тоа би се мотивирале вработените за поголемо ангажирање во процесот на работа и постигнување на поголема продуктивност.

• Во текот на 2021 година, Службата за општо-правни работи ќе продолжи да превзема дејствија и активности пред надлежните судови и тоа:
  - во насока на успешно завршување на веќе покренатите судски постапки,
  - побрза наплата на утужените побарувања,
  - иницирање на нови судски постапки по однос на ненавремено платените побарувања од комитентите.

Инвестиционите вложувања во деловната 2021 година, во зависност од укажаните потреби за подобрување на понудата на услугите, за секој објект посебно се сведуваат на:

1. **За Хотел "Холидеј Ин" планирани се следните инвестициони активности**:
   - Завршување на инвестициските активности за комплетно реновирање на Хотел Холидеј Ин. Овие активности започнаа во 2019 година, продолжија во текот на целата 2020 година и се очекува да бидат завршени во текот на 2021 година. Очекуваниот износ на целокупната инвестиција е околу 307.500.000 денари;
2. **Бест Вестерн Хотел "Турист":**
   - Промена на теписон. Оваа инвестиција е започната кон крајот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. Очекуваниот износ на оваа инвестиција е околу 2.250.000 денари,
3. **Хотел "Карпош":**
   - Промена на теписон. Оваа инвестиција е започната кон крајот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. Очекуваниот износ на оваа инвестиција е околу 1.450.000 денари,
4. **Хотел "Белви"**:
   - Затворање на дел од терасата со подвижни стаклени панели. Оваа инвестиција е започната кон крајот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. Очекуваниот износ на оваа инвестиција е околу 1.045.500 денари,
   - Промена на теписон. Оваа инвестиција е започната кон крајот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. Очекуваниот износ на оваа инвестиција е околу 1.200.000 денари,
   - Реновирање на ресторанот – репарирање,адаптација и поставување на шанкот од Аперитив барот во Хотел Холидеј Ин во ресторанот на Хотел Белви, реновирање на ресторанскиот ентериер. Оваа инвестиција е започната кон крајот на 2020 година и се очекува да заврши во текот на 2021година. Очекуваниот износ на оваа инвестиција е околу 615.000 денари.
   - Набавка на нов ресторански инвентар (столици и маси) за ресторанот и терасата, планираната инвестиција е во износ од 1.230.000 денари,
5. **Возен парк:**
   - За обновување на возниот парк на Друштвото планирана е набавка на ново комбе за транспорт на веш, планирана е инвестиција од околу 1.230.000 денари,

Според тоа за 2021 година планирани се нови инвестициони вложувања во сите објекти на Друштото **во вкупен износ од околу 316,52 милиони денари.**

**Хотел "Бристол"** ***и*** **Хотел "Јадран"**

Доколку се усвојат нашите предлози за измена на ДУП-от на Општина Центар, ќе се преземат соодветни активности за реконструкција или повторна доградба на хотелите,

Во **Перална Сарај** се предвидува подобрување на квалитетот на перењето како и изнаоѓање на можност за давање услуги на други фирми.

За останатите објекти не се предвидени поголеми вложувања, освен редовните трошоци за тековно одржување**.**

Покрај секојдневните активности, Техничката служба ќе врши отстранување на пријавените дефекти од сите објекти, а исто така, ќе се вршат и месечни контроли во сите објекти, со цел да се утврди дали се постапува по дадените упатства за ракување и одржување на системите за ладење, греење, електрика, плин, водовод и друго, со цел да се делува превентивно во процесот на одржување и сервисирање, како би се овозможило непрекинато функционирање на опремата и системите.

Во текот на контролите, една од основните задачи ќе биде проверка на правилното работење и користење на инсталираната опрема и системи согласно техничките норми, како и изнаоѓање на можности при функционирањето на истите да се изврши

анализа и можност за намалување на трошоците за енергија што секако ќе даде придонес во работењето на подружниците и на Друштвото како целина.

Исто така ќе продолжат и внатрешните контроли по подружници со цел проверки правилна примена на Законот за безбедност и здравје при работа, при што во идниот период ќе се преземаат и други активности за тековно одржување на постојните објекти во смисла: замени, поправки и сл., со цел подобрување на функционалноста на истите.

Реализирањето на идните инвестициони активности ќе биде по усвоена инвестициона програма од страна на Управниот одбор на Друштвото.

Во периодот кој следи, Друштвото ќе продолжи со реализирање на своите активности во услови на очекувана интензивирана стопанска активност во државата и засилена конкуренција, со цел да се задржи добрата позиција во хотелско-угостителскиот сектор.

**Кодекс на корпоративно управување**

Заради исполнување на законските обврски кои произлегуваат од член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РСМ бр.290/2020 од 07.12.2020) од страна на Управниот одбор на Друштвото веќе е формирана работна група за изработка на нацрт текст на Кодекс на етика за корпоративно управување, кој што откако ќе биде разгледан и усвоен од страна на Собранието на акционери на претстојната седница ќе биде јавно достапен на веб страната на Друштвото.

***Вложувања во придружни претпријатија***

Во 2020 година Друштвото нема удели во други придружени претријатија.

Претседател на Управен одбор
Доне Таневски

Хотелско-угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ СКОПЈЕ